# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Петок 13 Јуни 2014 година Број 07/2014 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Извештај на ТППЕ-Радовиш за првиот квартал од 2014 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај на ТППЕ-Радовиш за првиот квартал од 2014 година, бр. 07-1168/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1168/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.31 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06.2014 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештајот на ТППЕ-Радовиш за првиот квартал 2014 год.

I. Се усвојува извештајот на ТППЕ-Радовиш за првиот квартал 2014 година.

II. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1168/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на овластениот инспектор за сообраќај и патишта при општина Радовиш за 2013 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на овластениот инспектор за сообраќај и патишта при општина Радовиш за 2013 год., бр. 07-1169/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1169/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 36 ст.1 т. 2 и чл. 50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 4 и чл. 43 ст.1 т.4 од Статутот на општина Радовиш, чл. 27 од Законот за сметководсво за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 61/2002; 98/2002 и 81/2005), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06.2014 год., донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишниот извештај за работа на овластениот инспектор за сообраќај и патишта при општина Радовиш за 2013 год.

чл. 1

Се усвојува Годишниот извештај за работа на овластениот инспектор за сообраќај и патишта при општина Радовиш за 2013 год.

чл. 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1169/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за распределба на средствата за спорт од Буџетот на општина Радовиш за 2014 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за распределба на средствата за спорт од Буџетот на општина Радовиш за 2014 год., бр. 07-1170/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1170/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 34 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник бр. 5/2002), и член 44, став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06.2014 год., донесе

ОДЛУКА
за распределба на средствата за спорт од буџетот на општина Радовиш за 2014 год.

член 1

Комисијата за култура, образование и спорт на својата 15-седница одржана на ден 10.06.2014 година го донесе следниот Заклучок за распределба на финансиски средства од ставка А0 463120 - Трансфери до спортски клубови и тоа :

- ФК Изведен Ораовица ----- 30.000 денари
- УСК Никола Карев ----------- 45.000 денари

член 2

Доделените средства ќе бидат парцијално исплатувани, според потребите .

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1170/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на општина Радовиш за 2014 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за распределба на средства од Буџетот на општина Радовиш за 2014 год., бр. 07-1171/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1171/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 32 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник бр. 5/2002), и член 44, став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06.2014 год., донесе

ОДЛУКА
за распределба на средствата од буџетот на општина Радовиш за 2014 год.

чл.1

Се врши распределба на финансиски средства од Буџетот на општина Радовиш за 2014 год. Од ставка А0 463110 - Трансфери до здруженија на граѓани и фондации и тоа :

- Здружение за заштита на човековите права --------------------------------------- 20.000 денари
- МОБИЛНОСТ Радовиш ------ 20.000 денари
- ФА Велигденски цветови Јаргулица --------------------------------------- 30.000 денари
- КД Фамилијарис --------------- 30.000 денари
- ПОРАКА ------------------------ 40.000 денари
- ЗГ Смарт Спорт Радовиш ----- 40.000 денари
- РАЗВОЈ-ИДНИНА ----------- 40.000 денари
- ФА БУЧИМ --------------------- 30.000 денари
- ИНГЕНИУМ Радовиш -------- 10.000 денари
- РАДОВИШАНКА ------------- 10.000 денари
- Јардм Севенлер ----------------- 6.000 денари
- Здружение на инвалиди на трудот Радовиш --------------------------------------- 20.000 денари

- Европска перспектива за регионален развој Радовиш ------------------------------ 10.000 денари
- Македонско Руско друштво Радовиш --------------------------------------- 10.000 денари
- ЛЕБАРИ ИСТОК -------------- 30.000 денари
- Здружение Инвентивност ----- 10.000 денари
- ЗГ Цока Фунги ------------------ 20.000 денари
- ФА Китка ----------------------- 30.000 денари
- АУСЖМ Женска Акција ------ 5.000 денари
- ИНОВА ЛИБ Радовиш -------- 5.000 денари
- ЛАЈФ СТАРТ -------------------- 5.000 денари
- ДЕНИЦА ----------------------- 15.000 денари
- ЗГ ГАЗЕЛИ ---------------------- 50.000 денари
- Сојуз на Борците за општина Радовиш ---------------------------------------- 30.000 денари
- Св. Спасо Радовишки ----------- 50.000 денари
- Здружение ЕЛ БИРЛИГИ ---- 10.000 денари
- ВЕФА МААЛЕ ----------------- 10.000 денари
- З.К.Х.О НА Турците од И.М 10.000 денари
- АТЛЕТИК РАН ---------------- 10.000 денари
- КУД Гајда ------------------------- 30.000 денари
- Здружение ЦЕЛОР ------------ 30.000 денари
- Барање од Здружение на граѓани политички прогунованi, ---------- 15.000 денари
- КРУНА ПЛУС Радовиш ------ 15.000 денари
- МУСКУЛНА УМЕТНОСТ ---30.000 денари
- ЦЕМ -------------------------------- 30.000 денари
- ЗЗПЗ Виножито с. Подареш 10.000 денари

чл.2

Доделените средства ќе бидат парцијално исплатувани, според потребите .

чл.3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1171/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Решението за разрешување на Штабот за заштита и спасување на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решението за разрешување на Штабот за заштита и спасување на општина Радовиш, бр. 07-1172/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1172/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл.94 став 4 и 110 ст.2 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04), чл. 1 и 2 Одлука за утврдување на персонален и матерјален состав на силите за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ број 124/06), и член 15 т.2, 119 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06.2014 год., донесе

РЕШЕНИЕ
За разрешување на Штабот за заштита и спасување на општина Радовиш

I. Се разрешуваат од членови на Штабот за заштита и спасување на општина Радовиш :
1. Јордан Пецов - Командант на Штабот
2. Слободан Маневски - Началник на Штабот Помошници на началникот:
3. Миле Арсов - оперативни работи
4. Ванчо Ристов - прва медицинска помош
5. Ѕвонко Ангелов- згрижување и евакуација
6. Иле Ѓорѓиев - лице за технички мерки за заштита и спасување
7. Драги Миленков - лице за технички мерки за заштита и спасување
8. Александар Кулашиќ - ракувач со компјутери и со средства за врски
9. Абдраил Алиов - курир
10. Гоце Манев - возач

ИИ. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 07-1172/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Решението за именување на Штабот за заштита и спасување на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решението за именување на Штабот за заштита и спасување на општина Радовиш, бр. 07-1173/1,

што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1173/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл.94 став 4 и 110 ст.2 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04), чл. 1 и 2 Одлука за утврдување на персонален и матерјален состав на силите за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ број 124/06), и член 15 т.2, 119 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06.2014 год., донесе

РЕШЕНИЕ
За именување членови на Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш

I. За членови на Штабот за заштита и спасување на општина Радовиш се именуваат:
1. Јордан Пецов - Командант на Штабот
2. Слободан Маневски- Началник на Штабот
Помошници на началникот:
3. Миле Арсов - оперативни работи
4. Ванчо Ристов - прва медицинска помош
5. Ѕвонко Ангелов- згрижување и евакуација
6. Иле Ѓорѓиев - лице за технички мерки за заштита и спасување
7. Драги Миленков - лице за технички мерки за заштита и спасување
8. Александар Кулашиќ - ракувач со компјутери и со средства за врски
9. Абдраил Алиов - курир
10. Гоце Манев - возач

II. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 07-1173/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Двомесечниот извештај за спроведување на Акцискиот план за препознавање и заштита од мобинг во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Двомесечниот извештај за спроведување на Акцискиот план за препознавање и заштита од мобинг во општина Радовиш, бр. 07-1174/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1174/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06.2014 год., донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување за усвојување на Двомесечниот извештај за спроведување на Акцискиот план за препознавање и заштита од мобинг во општина Радовиш

чл. 1

Се усвојува Двомесечниот извештај за спроведување на Акцискиот план за препознавање и заштита од мобинг во општина Радовиш.

Чл. 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1174/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Програмата за измена на Програмата за волонтерство во општина Радовиш за 2014 год.

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена на Програмата за волонтерство во општина Радовиш за 2014 година, бр.07-1175/1, што советот на општина

Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1175/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 6 став 2 од Законот за волонтерство (Службен весник на РМ бр. 85/07 и 161/08), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06.2014 г., донесе

ПРОГРАМА
За измена на Програмата за волонтерство во ЕЛС општина Радовиш за 2014 година број 07-2376/1 од 02.12.2013 година

I. Со оваа Програма се врши измена во делот IV став 2 од Програмата за волонтерство број 07-2376/1 од 02.12.2014 година каде бројот "5" се заменува со бројот "10".

II. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1175/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ФА "Бучим"Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ФА "Бучим" Радовиш, бр. 07-1176/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1176/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06. 2014 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства на ФА "Бучим" Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ФА "Бучим" Радовиш во висина од 30.000,оо денари за организација на манифестацијата "Оро весело" во Радовиш.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш"

Бр. 07-1176/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на црквата "Св.Богородица" с.Скоруша

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на црквата "Св Богородица" с.Скоруша, бр. 07-1177/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1177/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на

општина Радовиш на седница одржана на 11.06. 2014 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на црквата "Св Богородица" с.Скоруша

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на црквата "Св.Богородица" с.Скоруша во висина од 12.000,оо денари за доградување на помошни објекти на црквата.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1177/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на Мите Јованов од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Мите Јованов Радовиш, бр. 07-1178/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1178/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06. 2014 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Мите Јованов Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Мите Јованов Радовиш во висина од 20.000,оо денари за санација на опожарена семејна куќа.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1178/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на Младински совет Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Младински совет Радовиш, бр. 07-1179/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1179/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06. 2014 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Младински совет Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Младински совет Радовиш во висина од 30.000,оо денари за реализација на проект “Чиста околина-подобар живот“.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Радовиш“.

Бр. 07-1179/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на Јордан Митев од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Јордан Митев од Радовиш, бр. 07-1180/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1180/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06. 2014 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Јордан Митев од Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Јордан Митев од Радовиш во висина од 120.000,оо денари за организирање концерт во спортската сала “25 Мај“ во Радовиш.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Радовиш“.

Бр. 07-1180/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на “Современ Дом“ од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на “Современ Дом“ од Радовиш, бр. 07-1181/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1181/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06. 2014 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на “Современ Дом“ Радовиш

член 1

Се одобруваат финансиски средства на “Современ Дом“ Радовиш во висина од 30.000,оо денари како помош за опожарен стопански објект и семеен дом.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Радовиш“.

Бр. 07-1181/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на ФА“Ињевски Бисери“ од с.Ињево
Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ФА “Ињевски Бисери“ од с.Ињево Радовиш, бр. 07-1182/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1182/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06. 2014 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на ФА “Ињевски Бисери“ с.Ињево Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ФА “Ињевски Бисери“ с.Ињево Радовиш во висина од 30.000,оо денари за реализација на програмски активности.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Радовиш“.

Бр. 07-1182/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски
средства на Здружение на слепи лица Штип

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Здружение на слепи лица Штип, бр. 07-1183/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1183/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06. 2014 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Здружение на слепи лица Штип

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Здружение на слепи лица Штип во висина од 20.000,оо денари за реализација на програмски активности во 2014 година.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Радовиш“.

Бр. 07-1183/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски средства на Даниел Здравков од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Даниел Здравков од Радовиш, бр. 07-1184/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1184/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06. 2014 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Даниел Здравков од Радовиш

Член 1
Се одобруваат финансиски средства на Даниел Здравков од Радовиш во висина од 30.000,оо денари за здравствени потреби.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1184/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски средства на Здружение на пензионери од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Здружение на пензионери од Радовиш, бр. 07-1185/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1185/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.06. 2014 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Здружение на пензионери Радовиш

Член 1
Се одобруваат финансиски средства на Здружение на пензионери од Радовиш во висина од 30.000,оо денари за организирање дружење со пензионери од Република Македонија.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш"

Бр. 07-1185/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на

РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Радовиш
за 2014 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Радовиш за 2014 година, бр. 07-1186/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1186/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( Сл. Весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012), Советот на ЕЛС Радовиш на седницата одржана на 11.06.2014 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2014 година

Член 1
Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2014 година и тоа на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 426990 Други оперативни расходи | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| G10 ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | | | | | |
| 463190 Останати трансфери до невладини организаци | 570.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и и фондации | -1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ј60 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ | | | | | |
| 424390 Одржување на други градби | -240.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424310 Одржување на мостови | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЈD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ | | | | | |
| 482120 Изградба на улици, патишта и автопати | -2.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 485420 Надоместок за одземен имот | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482930 Реконструкција на други објекти | -860.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482720 Изградба на капацитети за водоснабдување | -1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482320 Изградба на пречистителни станици и колектори | -3.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482920 Изградба на други објекти | 7.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482110 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | |
| 464990 Други трансфери | 930.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2
Одлуката влегува во сила од денот на донесување и станува составен дел на Буџетот на општината за 2014 година а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1186/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јуни 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за иопштински линиски превоз
во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за општински линиски превоз во општина Радовиш бр. 07-1187/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.06.2014 год.

Бр. 08-1187/2 Градоначалник на
дата 13 Јуни 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Сл.весник на РМ бр. 68/2004, 127/06, 114/09, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 149/2011, 117/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013 , 187/2013 и 42/2014) И член 41 став 3 од Одлуката за комунален ред бр. 07-195/1 од 25.01.2013 година и член 21 став 1 точка 20 од Статутот на општина Рдаовипш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 11 06.2014 год., донесе

ОДЛУКА
за Општински линиски превоз на патници

Член 1

Општински линиски превоз на патници е јавен превоз кој се врши на подрачјето на општината.

Член 2

Општински линиски превоз на патници можат да вршат превозници кои имаат лиценца за таков вид превоз издадена од градоначалникот на општината.

Член 3

Превозник кој има лиценца за вршење општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај градоначалникот на општината.

Дозволата и возниот ред се со важност од 5 години.

Член 4

Советот на општината го уредува општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општината при што особено утврдува:

а) единствена мрежа на линии;

б) единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;

в) начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите како и евиденција на истите;

г) тарифен систем, систем на наплата и начин на контрола на наплата;

д) локација на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта;

ѓ) изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта;

е) одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1) и

ж) критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распоредувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

а) Единствена мрежа на линии

Член 5

Единствена мрежа на линии се утврдува:
-Радовиш-Злеово-Радовиш
-Радовиш-Калуѓерица-Сулдурци-Радовиш
-Радовиш-Воиславци-Радовиш
-Радовиш-Ињево-Радовиш
-Радовиш-Тополница-Дамјан-Радовиш
-Радовиш-Бучим-Радовиш
-Радовиш-Супурге -Радовиш
-Радовиш-Прналија -Радовиш
-Радовиш-Коџалија -Радовиш
-Радовиш-Аликоч -Радовиш
-Радовиш-Калузлија -Радовиш
-Радовиш-Раклиш -Радовиш
-Радовиш-Ораовица -Радовиш
-Радовиш-Подареш -Радовиш
-Радовиш-Јаргулица -Радовиш
-Радовиш-Покрајчево -Радовиш
-Радовиш-Шумска куќучка-хотел <Белк амен< на плананина Плачковица и обратно

б) Единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;

Член 6

Единствен возен ред предлага Комисијата согласно потребите на граѓаните, менталитетот и рентабилноста на линиите, со собирање на информации пред изготвување на возен ред за секоја линија од превозниците и граѓаните.

Член 7

Советот на општината или друг овластен орган распишува оглас во кој се содржани линиите на кои се врши превоз на патници.

Огласот трае 8 (осум) дена и се објавува во средствата за јавно информирање, три месеци пред завршувањето на времетраењето на претходно доделените линии..

Постапката по огласот ја спроведува Комисијата за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и ППЕ или посебна комисија за оваа потреба формирана од Советот на општината.

Комисијата доставува предлог за одржување на линии до Советот на општината.

Распределбата на линиите за превоз на патници и стока ја врши Советот на општината со посебна Одлука.

Доколку на објавените линии во огласот не се јави нитуеден превозникили во случај на одземање на дозволата и возниот ред се распошува оглас за распределба на линии.

Член 8

На огласот може да се пријават само правни лица кои имаат лиценца за вршење општински линиски превоз на патници или ги исполнуваат условите за добивање на лиценца.

Член 9

Доколку се јават повеќе заинтересирани превозници за вршење превоз, правото му се дава на оној превозник кој ќе понуди поповолни услови за одржување на линиите, утврдени во огласот.

Член 10

Доколку нема заинтересирани превозници, Советот на општината може да организира општински линиски превоз на патници преку основање на јавно претпријатие за сообраќај или вршењето превоз да го довери на превозник кој ги исполнува условите предвидени со Законот за превоз во патниот сообраќај и оваа Одлука.

Член 11

За да може да се врши превоз потребно е да се исполнат следните услови:

-превозникот да има лиценца, дозвола и регистриран возен ред;

-линиите да може да ги одржува со најмалку две тргнувања дневно;

-возилата да ги исполнуваат техничко-експлоатационите услови.

Член 12

Превозникот кој добил дозвола и регистрирал возен ред должен е превозот да го отпочне во рок утврден во дозволата.

Доколку превозникот не започне со вршење на превозот во определениот рок го губи правото да врши превоз на таа линија.

Член 13

Возилата со кои се врши превозот задолжително се обележуваат на кој превозник припаѓаат.

Обележувањето се врши со кирилично писмо од бочните страни на возилото во висина на прозорските стакла.

Натписот содржи податоци за назив на превозникот, седиште и заштитен знак на превозникот.

На возилото можат да се носат рекламни натписи.

Член 14

Возниот ред се истакнува на предното стакло од десна страна на возилото.

Превозникот е должен да го одржува возниот ред согласно одлуката на Советот на општината.

Менување на возниот ред настанува по барање на месното население, барање на превозникот или поради виша сила.

Менувањето на возниот ред го врши Комисијата.

Член 15

Возилата со кои се врши превозот на предната и бочната страна на видно место треба да имаат поставено табла на која ќе се назначи почетната и крајната станица и регистрираниот возен ред.

